арх. бр. 23-2607

1. Предлог буџет за 2021 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Годишен извештај за работењето на општината за 2020 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

4. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2020 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики.
   Доколку имате спроведено граѓански форум, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

5. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

6. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

7. Дали Извршната власт организира јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината?

8. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

1430 Кавадарци,
Република Северна
Македонија Тел. 043/
416-130 Факс 043/416-
130

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 23-2607/1 од 26.04.2021 година, Во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци:

Усвоениот Буџетот на општина Кавадарци за 2021 година од страна на Советот на општина Кавадарци, по категорија, ставки и потставки е објавен во Службен гласник бр. 66 од 18.12.2020 година, кој е објавен на веб страницата на општина Кавадарци и е достапен преку следниот линк https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/SLUZBEN-GLASNIK-66.pdf

Заклучок за усвојување на Годисшен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2020 година; објавен во Службен гласник бр. 66 од 18.12.2020 година, кој е објавен на веб страницата на општина Кавадарци и е достапен преку следниот линк http://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/SLUZBEN-GLASNIK-70-komplet-so-skoli_compressed.pdf

Седниците на Советот на Општина Кавадарци се отворени за јавноста. Присуството на јавноста на седниците на Советот може да биде исклучена ако за тоа постојат оправдани причини, а особено кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната, заради чување на деловна, службена или друга тајна или тоа го бараат причини на моралот. На расправата за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.
Општина Кавадарци ги информира граѓаните за јавните расправи и за седниците на Советот преку јавните локални медиумски сервиси, официјалната веб страница на институцијата, како и преку официјалните профили на социјалните мрежи.
Согласно уредбата со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за локална самоуправа за време на

вонредна состојба ( Сл. Весник на РСМ бр. 95 од 08.04.2020 година) Претседателот на советот може да свика и да раководи со седницата на советот и со употреба на комуникациски средства( телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки. Во текот на седницата на советот со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник, кој се објавува на веб страницата на општината.

Поради постапување согласно здраствените прописи за време на епидемија и поради спроведување на мерките и препораките на Владата на РСМ за заштита и превенција од Коронавирусот Covid-19, седниците на советот на Општина Кавадарци се одржуваат преку конференциска врска.

Арх.Бр. 23-2607/2

Дата:28.04.2021 г.

Кавадарци

Република Северна Македонија

Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б
1430 Кавадарци,
Република С.еверна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130